**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-681/4**
**Скопје, 24.10.2005 година**

**ДО**

**ДИРЕКТОРОТ НА**
**УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**
**- Генерална дирекција -**

**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршена ревизија на финансиските извештаи на сметката за редовно работење на Министерството за финансии - Управа за јавни приходи за 2004 година, кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на финансиските извештаи на Министерството за финансии - Управа за јавни приходи за 2003 година, како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Петра Митева - директор на Управата за јавни приходи во текот на цела 2004 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 01.07 до 09.09.2005 година (со прекин од 18.07.2005 до 16.08.2005 година), од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Бранислав Гулев - Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор;
- Светлана Кумова - Самостоен ревизор;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. Извршениот попис на средствата и изворите на средства со состојба на 31.12.2004 година не е во согласност со одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Не е извршено усогласување на фактичката состојба утврдена со физичкиот попис на материјалните средства со нивната вредност искажана во сметководството, поради што ревизијата искажува резерва во однос на реалноста и објективноста на искажаната вредност на материјалните средства.
Физичкиот попис во организационите единици не е извршен на единствен начин, односно во дел од нив во пописните листи покрај опремата е евидентиран и ситниот инвентар, а во пописните листи е внесена само натуралната, а не и паричната вредност на средствата.
Според образложенијата пописот не е извршен во согласност со законската регулатива бидејќи при издвојувањето на Управата за јавни приходи како посебно правно лице од Министерството за финансии не е извршена поделба на имотот и опремата, а до крајот на 2004 година не е направен и делбен биланс со поранешниот Завод за платен промет, така што не постоела можност точно да се идентификува опремата што припаѓа на Управата за јавни приходи и во целост сметководствено да се евидентита. Од страна на Министерот за финансии во септември 2004 година е донесено Решение за утврдување на делбениот биланс меѓу двете институции со кое основните средства, опремата и инвентарот утврден со Делбениот биланс што припаѓаат на Управата за јавни приходи треба да се воведат во сметководствената евиденција почнувајќи од 01.01.2005 година. Управата за јавни приходи има сознанија дека во 2005 година е завршен и делбениот


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*
*Овластен државен ревизор*
_______________________

биланс со поранешниот Завод за платен промет, но сеуште не е добиено решение за негово спроведување во книговодствената евиденција.
Поради фактот што не е извршено усогласување помеѓу фактичката и сметководствената состојба, Управата за јавни приходи не е во можност да утврди постоење на кусоци, односно вишоци на вредноста на средствата, како и да ги расходува средствата што не се употребливи.

**Препорака:**

1. Одделението за сметководство и материјално техничко работење да ги спроведе следните активности:
- Сметководствено да се евидентираат сите постојани средства на Управата за јавни приходи, односно да се спроведе решението за делбениот биланс помеѓу Министерството за финансии и Управата за јавни приходи;
- Доколку е донесено решение за утврдување на делбениот биланс помеѓу Управата за јавни приходи и поранешниот Завод за платен промет да се спроведе во книгите, со претходно утврдување на фактичката состојба на тие средства поради сознанијата дека дел од опремата е неупотреблива;
- Да воведе книга на капиталниот имот и книга на инвентарот;

2. Одделението за административно технички и помошни работи да изврши означување на целокупната опрема со инвентарни броеви коишто истовремено треба да се внесат и во сметководствената евиденција заради идентификација на средствата и нивната вредност;

3. Одделението за нормативно правни работи и Одделението за сметководство и материјално техничко работење да изготват акт за организирање и вршење на пописот на средствата и изворите на средства

12. Според наше мислење поради изнесеното во точката 10.1. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно состојбата на средствата и изворите на Министерството за финансии - Управа за јавни приходи на ден 31 Декември 2004 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е вистинит и објективен, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење во Министерството за финансии - Управа за јавни приходи остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата е зголемување на средствата и капиталот во Билансот на состојбата за 35,223 илјади денари, и тоа:
- 27,821 илјади денари се по основ на неевидентирани пресметани плати за декември 2004 година,
- 5,959 илјади денари се по основ на зголемување на материјалните средства и капиталот (пренос на опремата од сметката на приходи наплатени од органи на редовната сметка и евидентирање на средства кои не се пренесени како почетна состојба од 2003 година), и
- 1,443 илјади денари се по основ на евидентиран трошок за реконструкција на покривот како средства во подготовка и временски разграничувања.

15. Во текот на 2005 година, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи постапила по препораката на овластениот државен ревизор дадени во Конечниот извештај за фонансиските извештаи за 2003 година во врска со:

- евидентирањето и чувањето на акцизните стоки;
- преземањето мерки за отстранување на недоследности при исплатата на платата на вработените во Управата за јавни приходи, а кои се регулирани со законски прописи и подзаконски акти од оваа областа.

Во тек се активности за воведувањето на имотот и опремата што припаѓаат на Управата за јавни приходи во сметководствената евиденција по Решението за утврдување на делбениот биланс помеѓу Министерството за финансии и Управата за јавни приходи донесено од страна на министерот за финансии.

**Скопје, 21/10/2005**

**Овластен државен ревизор**
**Бранислав Гулев**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 384,012 | 346,980 |
| **Вкупно приходи** | | **384,012** | **346,980** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1.1 | 360,953 | 338,169 |
| Стоки и други услуги | 3.2.1.2 | 2,083 | 8,650 |
| Тековни трансфери | 3.2.1.3 | 1,102 | 71 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **364,138** | **346,890** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.2.1 | 19,874 | 90 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **19,874** | **90** |
| **Вкупно расходи** | | **384,012** | **346,980** |

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**

| | Износ во 000 денари | |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2004** | **2003** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 27,821 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **27,821** | **0** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 58,649 | 26,289 |
| Материјални средства во подготовка | 1,443 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **60,092** | **26,289** |
| **Вкупна актива** | **87,913** | **26,289** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 27,821 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 1,443 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **29,264** | **0** |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Државен-јавен капитал | 58,649 | 25,966 |
| Ревалоризациона резерва | 0 | 323 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **58,649** | **26,289** |
| **Вкупна пасива** | **87,913** | **26,289** |

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **26,289** |
| **Зголемување по основ на:** | **66,137** |
| Набавки во текот на 2004 година | 23,800 |
| Набавено во текот на 2003, евидентирано во 2004 година | 70 |
| Пренесена опрема од АБС | 40,630 |
| Пренесено од сметка 631 | 1,637 |
| **Намалување по основ на:** | **33,777** |
| Амортизација | 33,777 |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **58,649** |